**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), член 22 од Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 225/23 и 153/24) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на xx јули 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија за 2024 година на Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје**

1. На Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, за 2024 година се одобрува регулиран максимален приход во износ од 2.244.155.975 денари за испорачана количина на топлинска енергија од 486.958.068 kWh.
2. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа одлука, регулираниот максимален приход за дистрибуција на топлинска енергија изнесува 2.109.501.443 денари, за испорачани 486.958.068 kWh топлинска енергија.
3. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа одлука, надоместокот за снабдување со топлинска енергија изнесува 134.654.532 денари за испорачани количини на топлинска енергија од 486.958.068 kWh, на ниво на мерно место.
4. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа одлука, а согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/19, 219/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/22, 197/22 и 226/23), се одобруваат следните тарифни ставови за снабдување со топлинска енергија на ниво на мерно место и тоа:

| Ред.бр. | **ТАРИФНИ СТАВОВИ** | **Единица мерка** | **цена од 01.08.2024 година** |
|---|---|---|---|
| **КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 1.396,0292 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 2,4288 |
| **КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 2.443,0511 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 4,2504 |

5. Релативниот однос на тарифните ставови помеѓу категориите на потрошувачи се Домаќинства и Останати се утврдува да изнесува 1 : 1,75.
6. Тарифните ставови од точка 4 од оваа одлука ќе се применуваат за грејната сезона 2024/2025 година
7. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавува и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 август 2024 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје се (во понатамошниот текст: ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје), до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави Барање за одобрување на максимален приход и цена за 2024 година бр.05-1784 од 30 мај 2024 година, заверено во архивата на Регулаторна комисија за енергетика со УП1 бр.08-316/24 од 31 мај 2024 година (во понатамошниот текст: Барање).

Кон Барањето, ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје ја достави потребната документација согласно со Правилникот.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 од Правилникот на 7 јуни 2024 година го објави известувањето во врска со Барањето на ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика.

По објавеното известување, во рокот утврден во Известувањето до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-1369/1 од 26 јули 2024 година свика подготвителна седница на 29 јули 2024 година на која предмет на разгледување беше Предлог одлуката за одобрување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија за 2024 година на ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје.

На 29 јули 2024 година се одржа подготвителна седница на која беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, АД ЕСМ – Подружница Енергетика, ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје, ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, претставник од АД АДОРА, претставник од кабинет на Претседател на Владата на Република Северна Македонија, претставник од Кабинетот на Заменик Претседателот на Влада на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, Градоначалник на Град Скопје, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерство за финансии, претставник од Комисијата за заштита на конкуренција, претставник од Стопанска комора на Македонија, претставник од Стопанска комора на северо-западна Македонија, претставник од Сојуз на стопански комори на Македонија, претставник од Организација на потрошувачи на Македонија, како и претставник од Советот за заштита на потрошувачите на РСМ.

**Податоци од барањето**

Друштвото во Барањето ги има презентирано следните податоци:

| Опис | Ед.мерка | Снабдување 2024 |
|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 174.097.164 |
| Трошоци за материјали, енергија, резервни делови | денари | 8.204.000 |
| Трошоци за тековно одржување | денари | 3.420.000 |
| Трошоци за осигурување | денари | 730.000 |
| Бруто плати | денари | 117.350.000 |
| Менаџерски плати и награди | денари | 1.405.000 |
| Други услуги | денари | 30.769.334 |
| Останати и вонредни трошоци | денари | 12.173.830 |
| Пренесени трошоци | денари | 1.481.106 |
| Амортизација | денари | 6.039.314 |
| Маржа | денари | 142.916.270 |
| Фактор на корекција | денари | -77.267.284 |
| Регулиран максимален приход за услугата снабдување | денари | 401.801.138 |
| ВКУПНО MAR | денари | 3.974.707.899 |
| Испорачана количина на топлинска енергија | kWh | 483.396.546 |

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика**

Регулаторната комисија за енергетика во согласност со Правилникот започна постапка и изврши анализа на доставените податоци и информации од Барањето на ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје.

Регулираниот период за дејноста снабдување со топлинска енергија изнесува 1 година, со почеток од 1 јануари 2024 година. Регулаторната комисија за енергетика со оваа Одлука на ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје му одобрува регулиран максимален приход и тарифни ставови за снабдување со топлинска енергија за 2024 година.

При анализа на доставените податоци во Барањето, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следното:

**Оперативни трошоци**

Регулаторната комисија за енергетика имајќи го во предвид Правилникот ги утврди следните оперативни трошоци за регулираниот период 2024 година:

- Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар изнесуваат 6.244.845 денари и се пресметани врз основа на остварените трошоци во период од јануари – април 2024 година, прилагодени на годишни ниво;
- Трошоците за тековно одржување изнесуваат 2.982.517 денари и се пресметани врз основа на остварените трошоци во 2023 година зголемени за предвидената стапка на инфлација во 2024 година од 3,5% (согласно податоци од Народна банка на Република Северна Македонија);
- Трошоците за осигурување изнесуваат 459.728 денари и истите се пресметани врз основа на остварените трошоци во 2023 година;
- Трошоците за бруто плати се утврдени за 90 извршители имајќи ги во предвид историските податоци за бројот на вработени за вршење на дејноста снабдување со топлинска

енергија, остварената бруто плата во периодот јануари – април 2024 година прилагодена на годишно ниво и истите изнесуваат 70.470.296 денари;
- Трошокот за менаџерските плати и награди се прифатени согласно податоците од Барањето и истите изнесуваат 1.450.000 денари;
- Другите услуги изнесуваат 22.913.604 денари и истите се и истите се пресметани врз основа на остварените трошоци во 2023 година зголемени за предвидената стапка на инфлација во 2024 година од 3,5% (согласно податоци од Народна банка на Република Северна Македонија);
- Трошоците од категоријата останати и вонредни трошоци изнесуваат 8.612.133 денари и се пресметани на ниво на остварените во 2023 година, при тоа трошокот за регрес за годишен одмор е предвиден соодветно на бројот на вработени согласно кој е утврден износот на бруто плати за 2024 година, прилагодени за предвидената стапка на инфлација од 3,5%.

**Пренесени трошоци**

Пренесените трошоци за 2024 година се утврдени да изнесуваат 1.271.686 денари.

**Амортизација**

Трошокот за амортизација за 2024 година изнесува 3.950.116 денари и е пресметан врз основа на вредноста на средствата на почетокот на 2024 година и одобрените нови инвестиции.

**Маржа за снабдување**

Маржата за дејноста снабдување со топлинска енергија за тарифни потрошувачи е утврдена да изнесува 42.190.029 денари, за испорачана количина на топлинска енергија од 486.958.068 kWh и истата е утврдена да изнесува 2% од регулираниот максимален приход за дистрибуција на топлинска енергија.

**Фактор на корекција**

Факторот за корекција за дејноста снабдување со топлинска енергија за 2023 година за друштвото ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, изнесува 25.890.421 денари.

Регулираниот максимален приход остварен од вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија за 2023 година за друштвото ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани ($MARK_{2023}$) изнесува 2.622.060.688 денари.

Остварениот приход за 2023 година ($R_{2023}$) за друштвото ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје изнесува 2.647.540.878 денари, согласно доставените податоци од Бруто билансот на претпријатието за 2023 година.

Просечната пасивна каматна стапка, објавена од Народната банка на Република Северна Македонија изнесува 1,61% за 2023 година.

Пресметката на регулираниот максимален приход остварен од вршење на регулирана енергетска дејност снабдување на топлинска енергија за 2023 година, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани ($MARK_{2023}$), е презентирана во следнава табела:

| Р. бр. | О П И С | 2023 | | |
|---|---|---|---|---|
| | | РКЕ Одлука од окт 2023г. | ЕСМ Остварено по Б.Б. | MARKt-1 |
| 1 | **Оперативни трошоци** | **102.538.628** | **136.721.981** | **97.768.932** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.1 | Трошоци за материјали (со вода), енергија, резервни делови и ситен инвентар | 3.360.039 | 6.093.929 | 3.360.039 |
| 1.2 | Трошоци за тековно одржување | 1.760.000 | 2.881.659 | 1.760.000 |
| 1.3 | Трошоци за осигурување | 730.000 | 459.728 | 459.728 |
| 1.4 | Бруто плати | 60.501.535 | 93.341.952 | 60.501.535 |
| 1.5 | Менаџерски плати и награди | 1.328.950 | 1.227.980 | 1.227.980 |
| 1.6 | Други услуги | 25.953.773 | 22.138.748 | 22.138.748 |
| 1.7 | Останати и вонредни трошоци | 8.904.331 | 10.577.985 | 8.320.901 |
| **2** | **Пренесени трошоци** | **4.575.612** | **451.782** | **451.782** |
| **3** | **Амортизација** | **3.185.504** | **3.177.970** | **3.177.970** |
| **4** | **МАРЖА** | **64.801.075** | | **51.854.796** |
| **5** | **Трошок за топлинска енергија, системски услуги и услуга дистрибуција** | **3.240.053.767** | **2.592.739.775** | **2.592.739.775** |
| **6** | **Надоместок за снабдување со топлинска енергија** | **175.100.820** | | **153.253.479** |
| **7** | **Фактор на корекција** | **123.932.566** | | **123.932.566** |
| **8** | **Вкупен регулиран максимален приход** | **3.291.222.020** | | **2.622.060.688** |

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука, може да се поведе Управен спор, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**УП1 Бр.08-316/24**
**29 јули 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**